Н А Ц Р Т

# З А П И С Н И К
од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

ЗАПИСНИК
од Четириесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 7 февруари 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваше Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Janушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваше и Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, Калтрина Зеколи-Шаќири, заменик на министерот за транспорт и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Азизи-Љатифи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-програма за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година

2. Информација за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за спорт и Министерството за култура и туризам, во рок од два дена, да ги утврдат критериумите, процедурите и роковите за распределба на капиталните дотации за финансирање на инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје, согласно член 8 став (4) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и истите да ги објават на своите веб - страници.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од два дена од денот на објавување на критериумите од страна на надлежните министерства, да објави јавен повик за изразување на интерес од страна на општините и општините во Градот Скопје за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти за 2025 година, согласно Програмата за користење на капиталните дотации за финансирање на инвестициони проекти на општините и општините во Градот Скопје за 2025 година, со времетраење на повикот за поднесување на апликативни формулари и проектна документации до 30.4.2025 година.

3. Се задолжува Министерството за финансии по усвојување на збирниот извештај за финансирање на предложените инфраструктурни проекти на општините и општините во Градот Скопје, да преземе активности за дообезбедување на потребните финансиски средства во буџетите на надлежните министерства.

4. Се задолжуваат надлежните министерства по обезбедување на потребните финансиски средства да подготват и до Владата да доставаат предлог-одлуки за користење на средства за капитални дотации до општините и општините во Градот Скопје за инфраструктурни проекти за 2025 година.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.

Генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Игор Јанушев

Заменик на претседателот на Владата на
Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор